Објавено на: 16.11.2016 - 11:12

# Награди за три најдобри фотографии на тема бегалци во Македонија

**На настанот ќе се наградат фоторепортерите што во текот на 2015 година ги сликале трите најдобри фотографии на тема бегалци, кои помина преку Македонија во обид да ги избегнат ужасите на војната што беснее во нивните земји, најавија од ЗНМ**

Like 0 Share 0 G+1 0 Tweet



(articleImage.img/2016/11/16/награди_за_фоторепортери.jpg)

**Здружението на новинарите на Македонија ќе доделува награди за најдобра фотографија на тема бегалски бран во Македонија во 2015 година.**

Доделувањето ќе се одржи на 18 ноември во 19.30 часот во Музејот на Македонија - Скопје.

„На настанот ќе се наградат фоторепортерите што во текот на 2015 година ги сликале трите најдобри фотографии на тема бегалци, кои помина преку Македонија во обид да ги избегнат ужасите на војната што беснее во нивните земји“, најавија од ЗНМ.

**Оваа активност на ЗНМ се организира во рамките на проектот посветен на македонските фоторепортери, поддржан од Амбасадата на САД во Скопје, во соработка со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје и Македонското здружение на млади правници.**

По доделувањето на наградите ќе има изложба на најдобрите 50 фотографии со кои на огласот се пријавија повеќе од 20 македонски фоторепортери.

Телеграф.мк

(http://chats.viber.com/telegraf.mk)
Тагови: бегалци (keyword-listing.nspx?keyword=бегалци)Македонија (keyword-listing.nspx?keyword=Македонија)фотографии (keyword-listing.nspx?keyword=фотографии)Здружение на новинари на Македонија (keyword-listing.nspx?keyword=Здружение на новинари на Македонија)

Like Share Be the first of your friends to like this. G+1 0 Tweet

0 Comments TelegrafMK 1 Login

Recommend Share Sort by Best

Start the discussion…

Be the first to comment.

Subscribe Add Disqus to your site Add Disqus Add Privacy

TELEGRAF.MK

Like Share Dame Angelkoski and 93K others like this. G+1 0 Tweet

© Телеграф 2016/Сите права се заштитени |